2025

6-та МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА

Датум

29 - 30 мај 2025

Локација

Скопје,
С. Македонија

"ПАТОТ ДО ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД"

Македонска асоцијација за управување со цврст отпад (MaSWA)

Информации

+389 70 354 234
contact@maswa.org.mk

MaSWA
Macedonian Solid Waste Association

NATIONAL MEMBER OF ISWA
International Solid Waste Association

Заклучоци од конференцијата

Шестата двогодишна конференција на МАСВА се одржа на 29 и 30 мај, 2025 год. во Скопје. На конференцијата присуствуваа вкупно 120 учесници, претставници на националните и локалните власти во државата, претставници на дипломатскиот кор, бизнис заедницата, невладиниот сектор и експерти во управување со отпад, животна средина, климатска акција, циркуларна економија и одржлив развој. На конференцијата во тек на првиот дел имаше воведни обраќања и презентации на главните поддржувачи на конференцијата и 5 панел дискусии и тоа:

1. Циркуларна економија и отпадот како ресурс
2. Меѓуопштинско управување со отпад, буџетирање и финансиска одржливост
3. Климатски промени, декарбонизација и принципите на ESG во управувањето со отпад
4. Проширена одговорност на производителите
5. Иднината на управувањето со отпад

Во тек на вториот ден имаше 9 стручни предавања и беа организирани две теренски посети: во „Раде Кончар“, објект за деконтаминација на ПХБ и во „ТИТАН Усје“, инсталација за копроцесирање на отпад.

Заклучоците од конференцијата се следните:

1. Северна Македонија работи на интегрирање на концептите на циркуларна економија за намалување на потрошувачката на ресурси, промовирање на повторна употреба и подобрување на практиките за рециклирање. Сепак неопходни се реформи во управувањето со отпад:

- Управувањето со отпад за да се усогласи со директивите на Европската Унија, со цел зголемување на стапките на рециклирање, соодветен третман на отпадот и намалување на депонирањето;

- . Потребно е стимулирање на иницијативите кои вклучуваат воспоставување центри за рециклирање, поттикнување на селекција на отпад на изворот и кампањи за подигање на јавната свест за промовирање на еколошки одговорно однесување.

Законодавна рамка на Северна Македонија е усогласена со регулативите и стратегиите на ЕУ со фокус на подобрување на инфраструктурата за собирање, преработка и рециклирање на отпад. Сепак постојат предизвици и можности; И покрај напредокот, остануваат проблемите како што се нелегалното фрлање, недоволните капацитети за сортирање на отпад и недостатокот на учество на јавноста.
Сепак, постои значителен потенцијал за економски раст преку обновување на ресурсите и одржливи практики за отпад и поддршката од финансирањето и техничката помош од ЕУ сеуште е неопходна за Северна Македонија да развие проекти за одржливо управување со отпад и циркуларна економија.

2. Северна Македонија има развиено регионални планови за управување со отпад за воспоставување централни капацитети за управување со отпад (на пр., регионални депонии и претоварни станици) и затворање на несоодветни локации кои се користат за отстранување.

3. Потребно е да се воспостават регионални центри за управување со отпад со капацитети како што се МВТ, биостабилизација и капацитети за преработка на материјали и да се користат капацитети за копроцесирање на отпад. Иако земјата има за цел да се оддалечи од депонирањето и да се насочи кон поциркуларни процеси, сепак изградбата на неколку стандардни депонии е неопходност. Депониите остануваат неопходни бидејќи тие обезбедуваат контролиран и регулиран метод за отстранување на отпад што не може да се рециклира, повторно да се употреби, копроцесира или компостира. Ова помага да се заштити јавното здравје и животната средина преку спречување на ширење на болести, намалување на загадувањето и обезбедување правилно управување со отпадот. Иако депониите се неопходна компонента на управувањето со отпад, напорите за намалување на отпадот што би завршил на депониите преку рециклирање, копроцесирање, компостирање и други стратегии за намалување на отпадот се исто така клучни.

4. Соработката и партнерствата се неопходни за развивање на регионалниот систем. Регионалното управување со отпад вклучува соработка помеѓу општините, владините агенции и приватниот сектор преку јавно-приватни партнерства. Подигнувањето на јавната свест за практиките за управување со отпад и промовирањето на одржливо однесување е клучна компонента на регионалната стратегија за управување со отпад. Добивањето јавна поддршка за нова инфраструктура за управување со отпад и промени во практиките за отстранување на отпадот е клучно за успех. Исто така, собирањето податоци и следењето на тековите на отпад и процесите на третман се од суштинско значење за ефикасно управување со отпад. Користење на современи системи за контрола од далечина може многу да помогнат во поефикасен систем. Економските прашања бараат промена на менталниот склоп, со фокус на добросостојбата на луѓето пред профитот и долгорочни кампањи, особено за младата популација.

5. Климатски промени, декарбонизација и ESG во управувањето со отпад . Според податоци на Climate Whatch за 2022 год. Повеќе од 3 % од вкупната количина на стаклени гасови на светско ниво потекнуваат од отпад. Тоа се повеќе од 1.7 милијарди тони емисии на стаклени гасови изразени како CO2 еквивалент. Во нашата земја, согласно со инвентарот за стаклени гасови, секторот отпад учествува со 6% во вкупните емисии на стаклени гасови, од кои 76% се должат на депонирањето на комуналниот отпад на нестандардните депонии. Република Северна Македонија е потписничка на Парискиот Договор и на Софиската декларација со кои се обврзуваме за намалување на емисиите за стаклени гасови, правилното постапување со отпад секако може да придонесе кон остварување на овие цели, посебно ако се има во предвид дека метанот е најзастапен стаклени гас кој се емитира од секторот отпад во земјата. Неопходно за намалување на емисиите на стаклени гасови од отпад е да се фокусираме на намалување на количините на отпад што се создаваат, рециклирањето, циркуларната економија, како и паметните инвестиции во инфраструктурата. Потребно е на отпадот да се гледа како на ресурс, но и да не се инсталираат прекумерени капацитети за претворање на отпадот во енергија. Клучно за подобрување на управувањето со отпадот и неговото влијание врз климата е да се примени Интегриран модел за управување со цврст отпад. Ова подразбира, покрај техничките решенија, добро управување, финансии и фокус кон луѓето. Ниту едно техничко решение нема да функционира без силни институции и вклучување на јавноста, тоа е предуслов за соодветно управување со отпад, промоција на циркуларна економија и постигнување на целите за декарбонизација.

Ко-процесирањето на отпад како алтернативно гориво и употребата на отпад како алтернативна суровина е докажана практика во цементната индустрија во развиените земји, кое придонесува за намалување на емисиите на стаклени гасови од отпад. Цементните печки се дел од решението за правилно управување со отпад затоа што можат безбедно да ко-процесираат материјали што не се рециклираат. Модерните производствени единици за цемент во ЕУ покажуваат замена на повеќе од 80% од енергенсите со отпад. На тој начин се намалуваат емисиите на стаклени гасови на депониите, но се заменува и дел од конвенционалните, фосилни горива. Во Европа, 24 милиони тони емисии на CO2 се избегнуваат секоја година, само од ко-процесирање на отпад во цементни печки, при што се заштедени околу 7,8 милиони тони јаглен. Околу 5% од суровините потребни за производство на цементен клинкер во Европа се состојат од рециклиран материјал и пепел од алтернативни горива. Неоопходно е разгледување на прашањата за редукција на емисиите на стаклени гасови и климатската ранливост во раната фаза на дизајнирање на инфраструктурата за отпад. Ова е особено важно при проектирање на големи инсталации со век на траење од повеке децении како што се депонии или центри за преработка на отпад, со цел навремено да се вклучат мерки за ублажување на климатските промени и/или мерки за адаптација кон климатските ризици.

При проценка на ризикот од климатска ранливост потребна е да се разгледува ефикасна функционалност на предложените системи за отпад и да се предложат мерки за ублажување уште во прелиминарната фаза на проектите.

Република Северна Македонија има солидно развиено законодавство во областа на управувањето со отпадот и е лидер во регионот во регулативата за проширена одговорност на производителите. Релевантната легислатива на ЕУ е транспонирана и во законите се дефинирани националните цели што овозможува поефикасно приближување кон целите на ЕУ за управување со отпад. Регулативата сепак, не ги зема предвид реалните деловни практики, што во некои ситуации резултира во нефер конкуренција и неусогласеност со целите кои се стреми да ги постигне. Сепак, и покрај сумата на средства која се собира на сметка на проширената одговорност, резулататите изостануваат. Ова се должи пред се на недоволна финансиска контрола од страна на институциите или финансиска ревизија од овластен ревизор. Со оглед на тоа што колективните постапувачи главно се конкуренција едни на други со цената, потребно е да се врши финансиски надзор и да се прави вкрстена квалитативна и квантитативна проверка, како и проверка на финансиското работење на овие правни субјекти. Ова сериозно го попречува ефективниот надзор и резултира со несигурност во однос на реалните перформанси на засегнатите страни, вклучително и на колективните постапувачи. Системот се потпира врз застарен начин на известување заснован на хартија, не постои стандардизиран метод за поднесување податоци и ИКТ инфраструктурата не е задоволителна, и ова се клучните пречки кои треба итно да се разрешат. Овие прашања се дополнително усложнети поради тоа што недостасуваат јасни упатства за евиденција за собирање и рециклирање на отпадот како и соодветна прецизна опрема за мерење на отпадот, што заедно создава непрецизности во известувањето и управувањето со податоците.

Потребно е следење на перформансите на колективните постапувачи, производителите и компаниите за управување со отпад, при што освен еколошките перформанси, да се проверува и финансиското работење. Потребно е давање поддршка на колективните постапувачи, со внесување на стандарди на квалитет во договорите со операторите за управување со отпад, дефинирање на критериумите за собирање, превоз, сортирање, преработка и рециклирање на отпадот согласно проширената одговорност на производителот.

Со задоволство ја проследивме и презентацијата за демонтирање на стара постројка – електрана на јаглен при што се внимавало на прописно отстранување на азбестните плочи, кров, како и сите делови од поранешната постројка и чистење на теренот согласно строги еколошки стандарди, презентирано од експерт од ЕВН Австрија.
Вториот ден на Конференцијата беше посветен на стручни презентации и претставување на примери за добро управување со отпадот од страна на меѓународни и домашни експерти:

- Искуства од Република Унгарија (управување со контаминирани подрачја, претставување на системи за следење на загадувања на реките, софистицирани уреди за следење на квалитетот на воздухот и миризба во урбани средини),
- Република Хрватска (екомодуларност и воведување на критериуми и искуства од пресметки за материјали за пакување, искуства во долготрајните процедури при отворање на центар за преработка на отпад),
- Република Србија (состојбата со управување со комуналниот отпад и депониите во земјата и главни предизвици),
- Холандија (примери за циркуларна економија кое обезбедува нулта депонирање на отпад) како и искуства од нашата земја околу рециклирање на текстил.

Во вториот ден се одржаа и две тематски посети во две реномирани општествено одговорни компании "Раде Кончар Сервис" – Постројката за деконтаминација на трансформаторски масла со ПХБ и "ТИТАН-УСЈЕ" – Ко-процесирање на текстилен отпад за енергетски цели. Двете посети беа одлично организирани и учесниците беа многу задоволни од добрите практики во нашата земја и гостопримливоста на вработените.
Конференцијата беше оценета како многу успешна, како од домашните, така и од учесниците од странство. Истата ја следеа повеќе новинарски екипи и пораките беа проследени преку повеќе ТВ станици и електронски медуими.

Заедно со сите Вас, MaSWA може да креира подобра иднина за следните генерации. Ви благодариме на присуството и се радуваме на следна средба.